Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 март 2022 година**

**Скопје, март 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 март 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 00:20 часот.

Со седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваа членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Беким Сали, министер за здравство и доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за определување на видот на енергентите, временскиот период како и начинот на пресметка на акцизата

2. Предлог-одлука за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка

3. Предлог-одлука за определување на видот на добрата и временскиот период на ослободување од плаќањето на данокот на додадена вредност во земјата со право на одбивка на претходниот данок

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметка на акцизата и ја донесе Одлуката за определување на видот на енергентите, временскиот периодот како и начинот на пресметката на акцизата со заклучок во членот 4 зборовите „наредниот ден од денот на објавувањето“, да се заменат со зборовите „со денот на објавувањето“.

**Точка 2**

Владата ја рагледа Предлог-одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка и ја донесе Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка, со заклучок во членот 3 зборовите „наредниот ден од денот на објавувањето“, да се заменат со зборовите „со денот на објавувањето“.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на ослободување од плаќањето на данокот на додадена вредност во земјата со право на одбивка на претходниот данок, во предложениот текст.

**Точка 4**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 5**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 00:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**